Финансирано од Европска Унија

ЕУ со ТЕБЕ

ГРАЃАНСКИ РЕСУРСЕН ЦЕНТАР

ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ГОВОРОТ НА ОМРАЗА ЗА ВРЕМЕ НА ЛОКАЛНИТЕ ИЗБОРИ АВГУСТ И СЕПТЕМВРИ 2025



*Изработката на овој извештај е финансирана од Европската Унија во рамките на проектот „Мониторинг на говорот на омраза – гаранција за демократски избори" спроведуван од Хелсиншки комитет за човекови права – Скопје. Содржината на овој документ е единствена одговорност на Хелсиншкиот комитет за човекови права и не мора да ги одразува ставовите на Европската Унија и организациите спроведувачи на проектот „ЕУ поддршка за Граѓански ресурсен центар – фаза 2."*

## *Вовед*

Овој извештај дава преглед на регистрираните случаи на говор на омраза во месец август и септември 2025 година, со посебен фокус на динамиката поврзана со предизборниот контекст за локалните избори 2025. Како и во претходните изборни процеси, изборната атмосфера повторно создаде зголемена поларизација и зголемен ризик од поттикнување дискриминација, насилство и нетрпеливост.

## *Регистрирани случаи*

Во август и септември 2025 година на платформата www.govornaomraza.mk беа евидентирани вкупно 139 случаи на говор на омраза. Распределбата по основи е следната:

- 71 случаи (39%) по етничка припадност;
- 50 случаи (27%) по национална припадност;
- 27 случаи (15%) по политичка припадност;
- 8 случаи ( 4% ) по социјално потекло;
- 7 случаи (4%) по религија и религиско уверување;
- 6 случаи (3%) по основ на пол и род;
- 6 случаи (3%) по сексуална ориентација и родов идентитет;
- 5 случаи (3% ) по раса/ боја на кожа;

# Графички приказ на состојбата со говорот на омраза во август и септември 2025 година.



Овие податоци укажуваат на континуирано зголемување на етнички и политички мотивираниот говор на омраза, особено во периоди на силни политички кампањи.

## Предизборна динамика и поларизација

Како и за време на парламентарните избори во 2024 година, и локалните избори 2025 доведоа до засилена етничка и политичка поларизација. Најголемиот дел од пораките и содржините што циркулираат на социјалните мрежи прераснуваат од критика во директен говор на омраза, особено помеѓу македонската и албанската заедница. Забележлив е и пораст на навредливи и деградирачки содржини насочени кон ромската заедница.

## Клучни инциденти во август 2025

За време на квалификациски натпревар за Светско првенство во кошарка меѓу Северна Македонија и Романија, забележани беа антиалбански скандирања, меѓу кои повици „Смрт за Албанците" и други заканувачки пораки. И покрај присуството на високи државни функционери, не беше забележана непосредна јавна реакција. ОЈО Куманово отвори предистражна постапка. Хелсиншкиот комитет за човекови права ја поддржа одлуката на Основното јавно обвинителство Куманово да отвори постапка поради националистички и навредливи скандирања што беа регистрирани за време на кошаркарскиот натпревар помеѓу репрезентациите на Република Северна Македонија и Романија, одржан на 2 август во Куманово. Со ваквите скандирања се предизвикуваат раздор и нетрпеливост врз основа на етничка припадност, опишано во членот 319 од Кривичниот законик. По овој настан, јасно е дека спортските трибини и натаму остануваат простор каде што се шират навредливи и дискриминаторски пораки, особено на етничка и национална основа. Таквиот говор, особено кога е јавно манифестиран, има потенцијал да предизвика длабоки поделби, да ја наруши меѓуетничката кохезија, а има потенцијал да предизвика и злосторства од омраза. Хелсиншкиот комитет остро го осуди ширењето говор на омраза и јавно апелираше до сите политички, спортски и општествени чинители да се спротивстават на овој феномен.[1]

[1] Хелсиншки комитет, достапно на:
https://mhc.org.mk/news/sportskite-tribini-ne-se-mesto-za-govor-na-omraza/

***Национална Арена „Тодор Проески“– 5  август 2025***

За време на натпреварот меѓу ФК Шкендија и Карабах, повторно беа слушнати политички и националистички пораки од дел од публиката, вклучувајќи повици за „Голема Албанија“, „Чамерија“ и „Илирида“. Институциите и присутните функционери не дадоа јавна осуда, што придонесе кон легитимирање на наративите.

Линк од објава: [https://expres.mk/sport/golema-albanija-i-ilirida-na-repertoarot-na-navivachite-na-shkendija-video/](https://expres.mk/sport/golema-albanija-i-ilirida-na-repertoarot-na-navivachite-na-shkendija-video/)



Само неколку дена подоцна се случи уште еден инцидент на спортските трибини за кој Хелсиншкиот комитет изрази сериозна загриженост и го осуди националистичкото и политизирано скандирање за време на фудбалскиот натпревар помеѓу ФК Шкендија и Карабах, кој се одигра на 5 август во Скопје. На натпреварот присуствувале претседателот на Собранието, вицепремиерот, министерот за економија, како и партиски лидери, и повторно ниту еден од овие високи функционери, за време на натпреварот, не реагирал во однос на навредувачките скандирања. Хелсиншкиот комитет јавно повика на осуда на говорот на омраза од страна на политичарите, што е еден од клучните фактори против ширењето на оваа појава, бидејќи говорот на омраза произведува уште поголем говор на омраза, а може да предизвика и злосторства од омраза.
[2]

## ***Инцидент во Штип – 24 август 2025***

На пионерски натпревар меѓу ФК Брегалница и ФК Шкупи, родител на млад играч физички нападна двајца фудбалери. Настанот предизвика силни реакции на социјалните мрежи кои ескалираа во меѓуетнички навреди и говор на омраза.
Линк од фејсбук објава: https://www.facebook.com/reel/1104677198514501
Принт скрин од коментари:




[2] Хелсиншки комитет, достапно на: https://mhc.org.mk/news/helsinshkiot-komitet-go-osuduva-nacionalistichkoto-skandiranje-na-fudbalskiot-natprevar-megu-shkendija-i-karabah/

## ***Клучни инциденти за месец септември:***

Во текот на месец септември продолжи трендот на говор на омраза и повикување на насилство, особено засновани на **етничка припадност**. Во последната недела од месецот, со започнувањето на политичките кампањи, овие појави значително се засилија. Кулминација беше забележана на **митингот на ДУИ во Скопје**, каде што беа прикажувани видеоснимки поврзани со конфликтот од 2001 година и симболика на УЧК. Ваквата комуникација дополнително ги засили негативните емоции кај дел од македонското население, создавајќи средина погодна за етнички тензии, омраза и раздор. Покрај етнички мотивираниот говор, во јавниот и онлајн простор се регистрираше и зачестена употреба на навредливи квалификации како

**„предавници“**, **„Северџани“** **и** **„патриоти“**, со што продолжи политичката поларизација и наративите на меѓусебно непријателство.

## ***Заклучоци***

Отсуството на јасна, навремена и силна реакција од институциите и политичките актери овозможува ширење на говорот на омраза и создавање атмосфера на нетрпеливост. Иако дел од случаите влегуваат во институционална процедура, потребно е системско и доследно санкционирање.

## ***Препораки***

- Институциите да реагираат итно и јавно на сите случаи на говор на омраза.
- Политичките фактори да се воздржат од реторика која поттикнува поделби.
- Полицијата и обвинителството да ги зајакнат капацитетите за истраги.
- Едукација и превентивни кампањи со фокус на изборни периоди.
- Следење и проактивно отстранување на независни интернет-платформи.